Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-142/6
28-03-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-142/1 од 01.03.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted], за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 28.03.2022 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на родов идентитет и припадност на маргинализирана група сторено од [redacted], врз трансродовите лица сторено на социјални мрежи.

## Образложение

На 01.03.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против [redacted], за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата.

Во поднесената претставка се наведува дека на ден 25.02.2022 година преку објава на социјалната мрежа Твитер, [redacted] споделил твит со вознемирувачка содржина упатена кон трансродовите лица.

Во претставката е наведен текстот на објавата во кој се вели: „Трансџендер. Каков ментално болен треба да си за да ти текне такво нешто? И плус уште по ментално болен родител што го поддржува тоа.. Не за друго грозни се таквите. Бљак".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од наодите во претставката и приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 04.03.2022 година испрати Известување бр. 08-142/3 за произнесување по наводите од претставката до [redacted].

На ден 11.03.2022 година преку порака на официјалната е-пошта на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, пристигна произнесување од [redacted] како одговор на претставката, заведено под архивски број 08-142/4. Во одговорот на претставката, потенцијалниот дискриминатор тврди дека ставовите во горенаведениот

твит се израз на искажано мислење. Исто така, лицето укажува дека поради реакцијата и добиеното известување за произнесување по наводите од претставката од страна на Комисијата, спорниот твит во овој момент е избришан, а неговиот профил е деактивиран.

Согласно утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење, констатирајќи дека во спорната објава е исполнета законската дефиниција за вознемирување од член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Дополнително, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при увид во приложените докази и дополнително извршена проверка утврди дека спорната објава е отстранета од социјалната мрежа Твитер, а профилот кој ја споделил објавата е деактивиран, со што е отстранета повредата на правото на еднаквост.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА лицето [redacted] во иднина да се воздржи од објавување вознемирувачки содржини кон трансродовите лица на социјалните мрежи.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Скопје
28.03.2022

Доставено до:

[redacted]

-Здружение за сексуални и родови малцинства „Субверзивен Фронт" со адреса на бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 19/5 -28, 1000 Скопје